ЈПКД ТОПОЛКА ЧАШКА

Јавно Претпријатие за комунални дејности ,,ТОПОЛКА,,Чашка
Ул.,,Илинденска,, бр.5 Нас. Чашка Општина Чашка
тел.+38943241177 жиро-сметка 200000030975487
Депонент АД ,,Стопанска Банка,, Скопје

Врз основа на чл.45 од Закон за Административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 11/2018) и( Сл.Весник на Република Северна Македонија бр.275/19,14/20,215/21,99/22 и 208/24), а во врска со објавен Јавен Оглас за вработување на административен службеник во ЈПКД Тополка бр.136/2025 и предлог за вработување на кандидат по јавен оглас со архивски број 10-490/10 од 16.05.2025 година,а примен во ЈПКД Тополка на ден 23.05.2025 година,ВД Директорот на ЈПКД Тополка Чашка, Ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЧАШКА / KOMUNA E ÇASHKËS
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ "ТОПОЛКА"
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR VEPRIMTARI KOMUNALE "TOPOLLKA"
Бр./Nr.: 04-158/2
26.05.2025 год./viti.
ЧАШКА/ÇASHKË:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по објавен Јавен Оглас 136/2025 во ЈПКД Тополка Чашка

1.По спроведениот Јавен оглас од Агенција за администрација на Р.С.Македонија бр.136/2025 година,објавен на 08.04.2025 годинаво дневните весници, Нова Македонија,Вечер и Лајм за вработување на административен службеник 1 извршител во ЈПКД Тополка Чашка се избира кандодатот

-За работно место **КДР 01 02 В03 003 Соработник за спроведување на јавни набавки,Одделение за правни работи,Сектор заеднички служби,со идентификациски код BEDFFE7 се избира САЊА МИЛАНОВА ЈОВАНОВ.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенција за администрација.

3.Избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука,ќе биде вработен на наведеното работно место ,по конечноста на оваа Одлука,за што ќе се донесе посебно решение за вработување,за избраниот административен службеник.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација по Барање на општина Чашка,на ден 08.04.2025 година,во дневните весници,објави Јавен оглас бр.136/2025, за вработување на административен службеник,во ЈПКД Тополка Чашка,на работно место под бр.1 **КДР 01 02 В03 003 Соработник за спроведување на јавни набавки,Одделение за правни работи,Сектор заеднички служби**

Врз основа на Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-490/6 од 23.04.2025 година,Записник од спроведен испит бр.10-490/7 од 15.05.2025 година,Записник од спроведена проверка на веродостојноста на докази и интервју на административниот службеник бр.10-490/8 од 16.05.2025 година и предлог за вработување на кандидат по оглас бр.136/2025 година,

ВД Директорот на ЈПКД Тополка,Чашка одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на Веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

23.05.2025 година Чашка

*Доставено до*
*-избраниот кандидат*
*-Архива*
*-Агенција за администрација*

ЈПКД ТОПОЛКА ЧАШКА
ВД Директор
Евдокија Ѓорѓиевска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
ТОПОЛКА
TOPOLLKA